Бр.03-1372/2

Скопје 14-05-2021

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, Агенција за вработување на Република Северна Македонија донесе

# РЕШЕНИЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

1. Се уважува Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] од 01.05.2021 година (заведено под Наш Арх.бр.03-1372/1 од 04.05.2021 година), Агенција за вработување на Република Северна Македонија ги доставува бараните информации од јавен карактер.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

### Образложение

Барателот [redacted] поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер до Агенција за вработување на Република Северна Македонија (заведено под Наш Арх.бр.03-1372/1 од 04.05.2021 година), со кое бара:

"Невработени лица евидентирани во АВРСМ - Центар за вработување Прилеп, со место на живеење во Општина Прилеп, според возрасна структура, со состојба на 30.04.2021 година."

"Невработени лица евидентирани во АВРСМ – Центар за вработување Прилеп, со место на живеење во Општина Прилеп, според образование со состојба на 30.04.2021 година."

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, одлучи како во диспозитивот на ова Решение и бараните информации се доставуваат до Барателот во прилог на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Со почит,

Службени лица за посредување
на информации од јавен карактер
Едвин Муковиќ
Ајсељ Идризи
Мери Трајковска
Согласен: Раководител на сектор за истражување и анализа на пазарот на трудот
Билјана Деловска

Директор
Abdush Demiri